**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од петтото продолжение на Шеесет и деветтата седница**

**на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 27 август 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието, сала 1, со почеток во 15,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Ѕвонко Мирчевски потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, констатирам според бројот на картичките и според тоа колку не има во салата дека имаме кворум, за да продолжиме со работа по Шеесет и деветтата седница на Собранието на РМ.

Пратениците Валентина Божиновска, Александар Талевски, Алија Шахиќ ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам уште еднаш да притиснеме на едно од копчињата на системот на гласање и да утврдиме точен број на присутни број пратеници во салата.

Ве молам да гласаме.

На седницата присуствуваат 74 пратеници.

Констатирам дека на седницата има мнозинство на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и г-да пратеници, од нашата последна седница помина подолго време. Причина за тоа беше актуелната политичко безбедносна состојба и преговорите што се водеа кај претседателот на државата. Во тој период македонските безбедносни сили постојано водеа борба со албанските терористички банди на таканаречената ОНА. Во тие борби, храбро бранејќи го територијалниот интегритет и суверенитет на РМ ги загубија своите животи повеќе припадници на полицијата и армијата НА Република Македонија.

Ве поканувам со едноминутно молчење да им одадеме почит на овие храбри борци, кои ги положија своите животи во одбраната на татковината.

(Пратениците им одаваат почит на храбро загинатите војници и полицајци).

Нека им е вечна слава.

Продолжуваме по точката 33.

Процедурално за збор се јави пратеникот Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас имам конкретна процедурална интервенција на почетокот. Жал ми е што седницата не ја води претседателот на Собранието, кој до нас ги има доставено поканите за ова продолжение на оваа седница и јас нему би му се обратил, бидејќи тој закажал вака како што закажал, меѓутоа во негово отсуство се обраќам до потпретседателот на Собранието и до вас пратениците за деловничка интервенција, за што јас сметам дека е направен инцидент во работата на Парламентот. Имено, денеска работиме по точка од дневниот ред, која ниту е по ред на 69-та седница и ја издвојуваме таа точка од дневниот ред на иницијатива на претседателот на Собранието. Со одлука на претседателот на Собранието, а на иницијатива на координаторите на ВМРО-ДПМНЕ и координаторот на СДСМ - г-динот Никола Поповски и г-динот Чедомир Кралевски.

Имено, дневниот ред, што го утврдило ова Собрание неможе да го промени, ниту претседателот на Собранието, ниту никој поединечно пратеник, ниту претседателството на Собранието, туку тоа е предмет на изјаснувањето на Собранието и тоа може да се промени само со гласање. Тоа го аргументирам со член 116 од Деловникот на Собранието во кој се вели: "По усвојување на дневниот ред, се преминува на претрес на одделни прашања според редот утврден со усвоениот дневен ред". Значи, ние имаме усвоен дневен ред на 69-та седница, сме застанале на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, кој во меѓувреме е повлечен. Остануваат уште 38 други точки и овде некој ексклузивно со некоја политичка акробација ја вади таа точка и ја поставува веднаш на дневен ред без да има дозвола со гласање од ова Собрание, што мислам дека е кршење токму на овој дел на собранискиот деловник.

Јас, инаку, сакам да кажам дека инцијативата која потекнува од новонастанатата коалиција меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ како единствени предлагачи за прв пат во работата на Собранието е позитивно и за поздравување во ваквите моменти, меѓутоа, очекував овие две најголеми партии да покажат моќ, ваква каква што покажуваат, за точка за

кадровско решение на Уставната комисија да покажат волја двете најголеми партии, за да се зборува за безбедносната ситуација во РМ и за неволјите, истераните, убиените и ранетите во РМ, за несреќата. Значи, со ова испаѓа дека овие две партии можат кога ќе сакаат да донесат на дневен ред некое прашање, но во овој период нема да можат да се повикуваат дека сакаат да зборуваат за безбедносната ситуација бидејќи еве денес покажаа како тоа можат да го изведат со политичка акробација и со помош на претседателот на Собранието. Меѓутоа, не е на дневен ред, очигледно, безбедносната ситуација, за тоа не смее да зборува Собранието во оваа држава, но барем за респект има 38 точки за кои ова Собрание треба да се изјасни, дали ќе се разговара по дневниот ред, кој го изгласува само Собранието, а со тоа само ќе покаже почит кон оваа институција, кон своето гласање и кон она за кое разговарал и гласал. Вака, се однесува како 120 пратеници да се изманипулирани со една евтина политичка итрина. Неможам да најдам деловнички момент кој може вака да се направи и да се продолжи. За мене излез од ова е продолжување на 69-та седница, давање предлози од предлагачите, од овие предлагачи, од г-динот Чедомир Кралевски и г-динот Никола Поповски или изнесување на предлогот од претседавачот и гласање по тој начин на работа, па така може да продолжи Собранието. Вака, ние ќе работиме неделовнички. Ова го сметам за важен деловнички момент и сметам дека не треба да го кршиме начинот на работа на Собранието во минатото и сега и заради излегување од ова барам ваквиот начин на работа да оди по Деловникот и да се постави на гласање ваквиот начин на работа, па потоа да разговараме за вакви многу помалку битни точки, одколку што е безбедноста на РМ и несреќата што и се случува секој ден и на граѓаните на РМ, а за која овој парламент на РМ да најде сила да проговори.

Благодарам.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам г-дине Стојменов.

Збор бара процедурално г-динот Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

И јас се јавив за збор, меѓутоа, Златко беше пред мене и ни се придружуваме кон дискусијата на пратеникот од ВМРО - Вистинска и со пратеничката група на ДА и сакам да ви укажам на вас како потпретседател, мислев дека ќе биде претседателот тука, дека овој Парламент е понижен токму од вас, од претседателот, од претседателството на Собранието. Како можете да дозволите на сите парламенти во Европа да се дискутира за Македонија, освен во нашиот Парламент. Освен пратениците во Македонија сите можат да дискутираат што се случува во Македонија, освен нас. Со понижувањето на Парламентот сте го понижиле и својот народ и немојте да бидете изненадени што имаме народ на улица, кога ние како претставници овдека неможеме да разговараме. Ние три месеци ...

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Г-дине Анушев се извинувам што ќе ве прекинам.

Дневниот ред за 69-та седница е утврден.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јас ги знам тие штосови, сега ако сакате да играме политика, како што играме сите години, туку да ја гледаме и реалноста како делуваме. Мислам дека навистина двете пратенички групи кои овде најмногу одлучуваат, треба да се тргнат и малку да размислат што се случува и што прават. Благодарам

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Јас се сложувам со констатацијата на колегата Анушев дека имаме причина сите пратеници кои што сме избрани на регуларни парламентарни избори во 1998 година да се чувствуваме понижени и навредени, затоа што во изминатиов период во овие пет или шест месеци, навистина, не се најде точка на дневен ред на Собранието на РМ да се расправа по овие прашања. Навистина и јас се сложувам со тоа и сите ние овде знаеме дека имаше повеќе иницијатива за свикување итна седница по однос на актуелно безбедносна состојба во државата. Меѓутоа, сепак, јас обвинувањата упатени од вас кон мене не ги прифаќам, заради тоа што единствен помеѓу сите нас овде пратениците кој што е задолжен да го толкува уставот и деловникот и да ги свикува седниците, тоа е претседателот на Собранието на РМ. Така што, јас како потпретседател неможам да ви кажам дека, го делам мислењето со вас дека требаше да има таква седница, меѓутоа, бидејќи за оваа 69-та седница е утврден дневниот ред, предлогот е од страна на претседателот на Собранието да се продолжи со точката 33, за што јас обавив консултации со секретаријатот на Собранието и ми беше кажано дека досега имало таква пракса одредени точки за кои се ценело дека се од

интерес да дојдат пред другите точки, да бидат приоритетни. Така, и точката 33 е ставена како приоритетна во однос на другите точки кои се веќе утврдени во дневниот ред. Единствено, јас како потпретседател на Собранието за да ја уважам деловничката и оправдана забелешка на пратеникот од мојата пратеничка група, г-динот Стојменов можам да го ставам на гласање предлогот, точката 33 денеска да се најде како прва во продолжението пред овие точки кои што претходно ни се утврдени како точки на дневен ред на 69-та седница.

Затоа, сакам да ве замолам дали сакате со гласање да утврдиме дали одиме *со* точката 33 или да продолжиме со другите точки, имајќи го предвид фактот дека двете најголеми, условно речено, политички партии со писмен допис до претседателот на Собранието, од претседателот на Собранието имаат побарано таа точка да се најде како приоритетна што значи дека двете политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ веројатно и ќе го изгласаат тоа, ако денеска се најде како приоритетна во продолжението на 69-та седница.

Ве молам со гласање да се изјасниме дали сакаме оваа точка да оди како точка еден денеска во продолжението.

Ве молам да го вклучите системот за гласање, за да видиме дали точката 33 ќе оди како приоритетна точка.

(Пратениците гласаат).

Од вкупно 75 пратеници, за гласале 69, воздржани 4, а против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието се изјасни дека точката 33 да оди како приоритетна точка.

Предлагам да продолжиме со работа.

Минуваме на точка 33, предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите да Собранието на РМ.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор.

За збор се јави г-динот Радомир Карангелевски.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, имаме предлог за промена на претседателот на Уставната комисија, што е во ред, бидејќи знаеме дека вообичаено е по функција претседателот на Собранието да ја води оваа Комисија и со овој чин би требало да се формализира промената. Меѓутоа, бидејќи се работи за Уставната комисија, особено во ова време кога знаеме што сме закажале за 31 или кога ќе се одржи следната седница на Комисијата за избори и именување имаше и други промени во истата Комисија. Јас би замолил, а и разговарав пред почетокот на ова седница со претседателот на Комисијата за избори и именувања и тие измени што ги предложивме и што се пројдени низ процедурата во Комисијата за избори и именувања, да се земат предвид, бидејќи тогаш ќе биде комплетен составот на истата Комисија. Благодарам.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Кралевски Чедомир.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, во ред е забелешката на колегата Раде Карангелевски. Точно е дека Комисијата за избор и именувања на некои од претходните свои седници има донесено предлог одлука за промена на некои членови во работните тела на Собранието, конкретно во Комисијата за уставни прашања на местото на Наталија Марковиќ - Димова, треба да стои Саво Климовски, во Комисијата на надворешна политика на местото на Илинка Митрева и Нано Ружин, треба да стои Радмила Шеќеринска и Љубомир Поповски, и тн. во неколку комисии има предложено. Значи комисијата за избор и именувања си ја завршила својата работа, доставен е предлогот од Собранието, на иста седница е утврдена точката на дневен ред и ред е да ги поминеме и овие точки.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

До колку е така и до колку е ова стасано од Комисијата за избор и именувања, јас не сум запознат, веројатно, претседателот на Собранието е запознат. Тогаш, можеме да предложиме предлогот од Комисијата за избор и именувања во другите измени да се најде како точка 34 во дневниот ред.

Дали може да пристапиме кон гласање Собранието да се изјасни дали може предлогот од точката 34 на 69-та седница да се најде денеска, исто така на расправа.

Ве молам да го вклучите системот за гласање, за да пристапиме кон гласање на овој предлог.

(Пратениците гласаат).

Од вкупно 73 пратеници, 64 пратеници гласале за, 4 се воздржани, против се 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја прифати точката 34 да се расправа после точката 33. Благодарам.

По однос на точката 33, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката од точката 33 го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 82 пратеници, 75 пратеници гласале за, воздржан 1, а против гласале 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Минуваме на точката 34 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 80 пратеници, 74 гласале за, 3 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со работа по Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи моментално на седницата не е присутен министерот за финансии јас предлагам 5 минути да не ги напуштате вашите места, да го почекаме министерот пред да продолжиме со работа.

(Седницата заврши во 15,50 часот).